Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 37/2
Датум: 27 -06- 2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 823/1 од 27.11.2023 година, поднесена од во свое име и во име на група засегнати лица, за заштита од дискриминација врз основа на личен и општествен статус, во областа на културата, која произлегува од Законот за култура, против надлежната институција - Министерството за култура на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на друг статус во областа на културата која произлегува од член 1 и член 9 на Законот за измени и дополнувања на Законот за културата (Сл. весник на РСМ бр. 11/18) поднесени од Министерството за култура на РСМ.

### Образложение

На 27.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација со архивски број 08 – 823/1, од страна на подносителката поднесена во нејзино име и во име на група засегнати лица против Министерството за култура на Република Северна Македонија како надлежна институција во однос на Законот за култура.

Подносителката на претставката, како и лицата во чие име е поднесена претставката се културни работници, кои се добитници на престижни државни награди предвидени со Законот за култура. Во претставката се посочува дека Законот за култура продуцира дискриминација кон културните работници кои се стекнале со државната награда од областа на културата, во периодот по измените и дополнувањата на Законот за култура од 2018 година. Имено, во претставката појаснуваат дека износот на месечниот паричен надоместок по основ државна награда од областа на културата – согласно Законот за култура е различен за културните работници кои се стекнале со државната награда пред измените и дополнувањата на Законот за култура, од износот кој го добиваат оние културни работници кои се стекнале со државната награда по измените и дополнувањата на Законот за култура. Подносителите на претставката спаѓаат во групата на културни работници кои се стекнале со државната награда по измените на законот и поради тоа сметаат дека со измените на законот им е направена штета. Истите тврдат дека со донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за култура од 2018 година (Службен весник на Република Македонија бр. 11/18) е донесена дискриминирачка одредба. Тоа од причина што за иста награда се

доделуваат два различни износи. Подносителите тврдат дека уставноста на оваа одредба е дискутабилна, поради нарушување на принципот на рамноправност. Поради тоа бараат да биде отстранета дискриминацијата од конкретниот закон, со тоа што ќе се отстрани спорната одредба и ќе се замени со нова, со која ќе се ревидира висината на паричниот износ и која ќе важи подеднакво за сите добитници на престижни државни награди.

Во прилог на претставката се доставени нотарски заведени полномошна од групата засегнати културни работници, со кои ја овластуваат да поднесе претставка во нивно име пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, и тоа од: и

Дополнително кон претставката се доставени и:

- Барање од групата културни работници до министерката за култура од 27.07.2023 година;
- Барање од групата културни работници до заменик претседателот на Владата на РСМ од 18.09.2023 година;
- Законот за државните награди од 2006 година;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди од 2007 година;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди од 2012 година;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди од 2018 година;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди од 2019 година и
- Известување од Министерството за култура до бр. 53 – 11740/2 од 01.12.2022 година.

На 01.12.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по наводите од претставката до Министерството за култура. Со истиот допис се побара објаснување на причината за предвидување на одредбата која се оспорува со претставката со Законот за измени и дополнувања на Законот за културата (Сл. весник на РСМ бр. 11/18).

На 04.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од Министерството за култура со бр. 08 – 37/1. Во поднесокот најпрво се истакнува дека предлог законите во РСМ, согласно постоечката регулатива се утврдуваат од страна на Владата на РСМ и Владата согласно Деловникот за работа на Собранието истите ги доставува до Собранието на РСМ за донесување. Во однос на бараната информација од страна на

*„Уметник и стручен работник од областа на заштитата на културното наследство, кој остварил право на пензија и кој е добитник на една од следниве награди за областа на културата и уметноста:*

- *републичката, односно државната награда „11 Октомври" или*
- *републичката, односно државната награда „Св. Климент Охридски" или*
- *државната награда „23 Октомври",*

*има право на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остварува и износот од 38.500 денари."*

Се реферира и членот 9 од законот, со кој е уредено:

*„На уметниците и стручните работници од областа на заштита на културното наследство кои до денот на влегување во сила на овој закон го оствариле правото на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остваруваат и највисоката пензија во Република Македонија во претходната година, за тековната година по денот на влегување во сила на овој закон, ќе продолжи да им се исплаќа месечниот паричен надоместок согласно со членот 11 – б од Законот за култура (Сл. весник на РМ бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16)."*

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната **фактичка состојба:**

Во Република Северна Македонија се доделуваат државни награди, со кои се оддава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес на државата во повеќе области, меѓу кои културата и уметноста. Државните награди се воспоставени со Законот за државните награди. (Сл. весник на РМ бр. 54/2007; 74/2012; 99/2018; 98/2019) Државни награди кои се доделуваат за придонес во областа на културата и уметноста се: „11 Октомври", „23 Октомври" и „Св. Климент Охридски".[1] Поединечностите во однос на овие награди се уредени со Законот за култура. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за културата (Сл. весник 47/2011) е додаден членот 11 – б, со кој на уметниците и стручните работници од областа на заштита на културното наследство, а кои се добитници на наградите „11 Октомври", „23 Октомври" и „Св. Климент Охридски" за долгогодишни остварувања во културата и уметноста или за животно дело **им е дадено право на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остварува и највисоката пензија во Република Македонија во претходната година, за тековната година.**[2] Во 2018 година

[1] Чл. 4, чл. 4 – а и чл. 5 од Закон за државните награди (Сл. весник на РМ бр. 54/2007; 74/2012; 99/2018; 98/2019)

[2] Чл. 4 од Закон за изменување и дополнување на Законот за културата (Сл. весник 47/2011)

Комисијата, во поднесокот се посочува на причините и образложението содржани во Предлогот на закон кој бил доставен од страна на Владата до Собранието на РСМ. Се појаснува дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за културата (Сл. весник на РМ р. 47/2011) за прв пат е даден правен основ уметниците и другите стручни работници од областа на заштитата на културното наследство, кои се добитници на наградите „11 Октомври", „Св. Климент Охридски" и „23 Октомври" за долгогодишни остварувања во културата или за животно дело, да имаат право на месечен надомест од Министерството за култура. Со законот било предвидено месечниот надомест да се исплаќа од Буџетот на РМ, преку Министерството за култура, сметано од денот на стекнување на правото на надоместок, а до крајот на животот. Износот на надоместот се пресметувал во висина на разликата меѓу пензијата што ја оставаруваат и највисоката пензија во Република Македонија. Се реферираат податоци добиени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во однос на највисоката пензија, која: во 2011 година изнесувала 35.327,00 денари, во 2015 година изнесувала 38.394,00 денари, додека во 2016 година изнесувала 47.782,00 денари. Во поднесокот се појаснува дека податокот во однос на највисоката пензија исплатена во 2016 година не бил и не можел да биде земен предвид при планирање на буџетските средства за 2017 година. Тоа предизвикало буџетски дефицит од 7.331.000 денари. Поради доцна обезбедениот податок и необезбедените средства за таа намена во Буџетот на РМ, истакнуваат дека од јануари до јуни 2017 година, Министерството за култура не им исплаќало месечен надомест на уметниците и другите стручни работници од областа на заштита на културното наследство. Се посочува на Извештајот за влијание на регулативата подготвен кон Законот за изменување и дополнување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, во кој е нотирано *„Законски дефинираното право, месечниот паричен надоместок да се пресметува како разлика меѓу највисоката пензија и остварената пензија, остава можност средствата кои се предвидуваат во односната буџетска година, да бидат недоволни, пред се' имајќи предвид дека Буџетот за наредната година се предлага во тековната година, а податокот за највисоката пензија исплатена во тековната година за претодната година се обезбедува во јануари во тековната година."* Се посочува и дека во образложението на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за културата е наведено *„Со точното утврдување на износот на висината на средствата до кои треба да се пресметува и исплаќа паричниот месечен надомест на лицата кои го оствариле или ќе го остварат ова право, покрај заштедувањето, ќе се избегнат ситуации на необезбедени средства, односно недобро планирани средства во Буџетот на Република Македонија, но воедно ќе се придонесе и кон порамноправен статус на сите чинители во културата, имајќи го предвид фактот дека личните примања на вработените во установите од областа на културата се на пониско ниво од предложениот износ на средства со овој предлог закон, а кој би го добивале лицата кои се стекнале со ова право."* Во продолжение на поднесокот за произнесување по претставката се посочува дека со член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата (Сл. весник на РМ бр. 11/18) е извршена измена на членот 11 – 6, став 1, со што е утврдено:

**со Законот за изменување и дополнување на Законот за културата се менува став 1 од членот 11 – б и гласи**[3]:

*"Уметник и стручен работник од областа на заштитата на културното наследство, кој остварил право на пензија и кој е добитник на една од следниве награди за областа на културата и уметноста: - републичката, односно државната награда "11 Октомври" или - републичката, односно државната награда "Св. Климент Охридски" или - државната награда "23 Октомври", **има право на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остварува и износот од 38.500 денари.***

**Во членот 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата** (Сл. весник бр. 11/2018) се предвидува:

*„На уметниците и стручните работници од областа на заштитата на културното наследство **кои до денот на влегувањето во сила на овој закон го оствариле правото на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остваруваат и највисоката пензија во Република Македонија во претходната година, за тековната година по денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжи да им се исплаќа месечениот паричен надоместок согласно со членот 11-б** од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16)."*

Од овде произлегува дека тековно постојат две категории на уметници/стручни работници кои се носители на некоја од наградите, и тоа:

> **1. оние кои се стекнале со правото на месечен паричен надоместок во периодот од 2011 и 2018 година, кои во тој период и сè уште остваруват месечен паричен надоместок, а кој е определен во висина на разликата меѓу пензијата што ја остваруваат и највисоката пензија во РСМ исплатена за претходната година и**
>
> **2. оние кои со правото на месечен паричен надоместок се стекнале по измените на Законот за културата од 18.01.2018 година и кои остваруваат месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остваруваат и фиксен износ од 38.500 денари.**

Важно е да се напомене дека во втората група спаѓаат и оние уметници/ стучни работници кои претходно добиле некоја од наградите, меѓутоа по измените на Законот

[3] Чл. 1 од Закон за изменување и дополнување на Законот за културата (Сл. весник на РМ бр. 11/1018)

за култура се стекнале со правото на пензија, како и оние кои претходно се стекнале со правото на пензија, а по измените на Законот за културата ја добиле наградата.[4]

**Комисијата нотира дека се работи за истите државни награди, кои се доделуваат врз основа на исти критериуми, а тоа се: долгогодишни остварувања во културата и уметноста или животно дело во овие области на уметниците и стручните работници. Сепак, и покрај тоа, втората група на уметници/стручни работници кои се добитници на награда, остваруваат различен износ на месечен паричен надоместок. Тоа упатува на фактот дека овие две групи го остваруваат истото право, но во различен обем и тоа единствено во зависност од тоа кога се стекнале со правото на месечен паричен надоместок или пак кога се стекнале со правото на пензија. Од овде произлегува дека спорните законски одредби создаваат диспропорционално негативен ефект кон втората наведена група и ја ставаат оваа група во понеповолна положба во однос на првата група уметници/ стручни работници. На овој начин се создава нееднаквост помеѓу носителите на правото од двете наведени групи.**

Имајќи предвид дека групата подносители ги посочија одредбите од Законот за културата, го појаснија ефектот што го создаваат овие одредби за нив како група, го образложија нивниот статус, односно положба и споредливата врска помеѓу нив и другата група добитници на наградите, **товарот на докажување** дека овие одредби не се дискриминирачки, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација беше префрлен кон посочениот дискриминатор - надлежното Министерство за култура.

Од поднесокот за произнесување по претставката произлегува дека Министерството за култура (како надлежна институција по Законот за културата) ја оправдува разликата помеѓу двете групи врз следните аргументи: заштедување, неможност за навремено обезбедување на податоци во однос на највисоката пензија исплатена во претходната година и врз основа на тоа неможност за навремено планирање на буџетските средства наменети за месечните надоместоци.

**Комисијата истакнува дека не може да се земе за релевантно тврдењето на Министерството за култура со кое измените на одредбата го оправдуваат со неможноста за планирање на потребните буџетски средства за наградите. Тврдењето е само по себе контрадикторно, поради тоа што од поставеноста на регулативата произлегува дека на првата група носители на наградите месечниот надоместок сè уште им се исплаќа по старата методологија, односно онаа која била предвидена пред измените на Законот за културата од 2018 година.**

[4] Чл. 11 - 6, став 2 и 3 од Законот за културата (Сл. весник на РМ бр. 31/1998 и измени од Сл. весник бр. 49/2003; 82/2005; 24/2007; 15/2008; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016; 11/2018; 11/2018)

**Целите кои требало да се постигнат, а кои се однесуваат на финансиски сегменти и менаџирање на финансиите, изолирани, сами по себе, не можат да го оправдаат нееднаквиот третман кој го предизвикува Законот за култура, што значи дека не може да се третира како легитимна цел. Комисијата ценеше дека можеле да се употребат помалку штетни средства за да се изменаџира процесот на навремено обезбедување финансии во однос на месечните надоместоци, кои немало да предизвикаат различен третман помеѓу иста категорија на лица. Со други зборови, не постои разумен однос на пропорционалност помеѓу употребените средствата и целта што требала да се постигне со измените на законот. Следствено, се констатира дека разликата во третманот која произлегува од Законот за културата е неоправдана, бидејќи во постапката не беше докажано дека постои објективно и разумно оправдување за различниот третман помеѓу двете групи на носители на наградите.**

Во табела 1 се прикажани износите на највисоката исплатена пензија во државата, во периодот по измените на Законот за културата од 2018 година:

Табела бр. 1

| **период** | **износ на највисока исплатена пензија** |
|---|---|
| јануари 2017 година | 47. 782,00 денари |
| јануари 2018 година | 48. 540,00 денари |
| јануари 2019 година | 50. 248,00 денари |
| јануари 2020 година | /[5] |
| јануари 2021 година | 54. 335,00 денари |
| јануари 2022 година | 59. 674,00 денари |
| јануари 2023 година | 66. 613,00 денари |
| јануари 2024 година | 76. 035,00 денари |

[6]

Во табела 2 е претставена споредба помеѓу износите на **месечните надоместоци кои им се исплаќале на носителите на награди кои се стекнале со правото пред измените на Законот за културата**, пресметани врз основа на хипотетичка средна пензија од 25.000,00 денари:

Табела бр. 2

| **Највисоко исплатена пензија за година** | **Хипотетички износ на пензија** | **Месечен надоместок на носителите на државни награди** |
|---|---|---|
| 48.540,00 ден. (2018 година) | 25.000,00 ден. | 23.540,00 денари |

[5] Нема јавно достапни информации
[6] Извор: Фонд за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, достапно на: https://www.piom.com.mk/statistika/

| | | |
|---|---|---|
| 50.248,00 ден. (2019 година) | 25.000,00 ден. | 25.248,00 денари |
| 54.335,00 ден. (2021 година) | 25.000,00 ден. | 29.335,00 денари |
| 59.674,00 ден. (2022 година) | 25.000,00 ден. | 34.674,00 денари |
| 66.613,00 ден. (2023 година) | 25.000,00 ден. | 41.613,00 денари |
| 76.035,00 ден. (2024 година) | 25.000,00 ден. | 51.035,00 денари |

[7]

Со оглед дека износот на највисоката пензија е во постојан раст, износот на месечен паричен надомест кој го исплаќа и ќе го исплаќа Министерството за култура кон оваа група секогаш ќе биде поголем. Износот наведен за 2024 година има за цел илустративно да прикаже колку би се зголемил паричниот надоместок за оваа група наредната 2025 година.

Во табела 3 е претставен износот на **месечните надоместоци кои им се исплаќале на носителите на награди кои се стекнале со правото/ се стекнале со право на пензија по измените на Законот за културата,** пресметани врз основа на хипотетичка средна пензија од 25.000,00 денари:

Табела бр. 3

| **Фиксен износ предвиден со измените на Законот за културата** | **Хипотетички износ на пензија** | **Месечен надоместок за носителите на државни награди** |
|---|---|---|
| 38.500,00 ден. (2018, 2019, 2021, 2022, 2023 и 2024 година) | 25.000,00 ден. | 13.500,00 денари |

[8]

**Од овде се забележува диспропорционално негативниот ефект кој го предизвикува Законот за културата кон втората група на уметници/стручни работници кои се носители на некоја од наградите. Имајќи предвид дека методологијата предвидена за определување на месечниот надоместок пред измените на Законот за културата од 2018 година, ја вклучува највисоката пензија во државата, која е во постојан раст, додека методологијата предвидена со измените на Законот за културата вклучува фиксен износ, може да се заклучи дека разликата помеѓу износите на месечните надоместоци кон двете групи во иднина може само да се зголемува. На тој начин Законот за културата во иднина би создавал уште поголема нееднаквост помеѓу двете групи на уметници/стручни работници кои се носители на државните награди.**

[7] Износите наведени во табелата се илустративно наведени за целите на Мислењето на КСЗД
[8] Износите наведени во табелата се илустративно наведени за целите на Мислењето на КСЗД

**Друг статус како основа**

Од фактите на случајот произлегува дека двете групи на уметници/стручни работници дале особен придонес во областа на културата. Впрочем, предвидени се исти критериуми, се работи за иста категорија на лица, односно културни чинители, кои професионалната посветеност ја насочиле во областа на културата и со својата работа дале придонес за државата во оваа област, а како резултат на тоа се стекнале со истите награди. Единствената причина според која овие две групи се ставени во нееднаква положба е статусот објаснет погоре. Во врска со тоа, Законот за спречување и заштита од дискриминација со членот 5 наведува илустративни дискриминациски основи, кои не се исцрпени и вели: „и било која друга основа". Во таа смисла Комисијата констатираше дека моментот на стекнување на наградата и/или пензијата е ограничувачкиот фактор кој ја прави дистинкцијата помеѓу двете групи и всушност го одредува статусот на оваа група (подоцна стекнато право на месечен паричен надоместок). На овој начин статусот на оваа група е предодреден, особено имајќи предвид дека тој статус не зависи од автономијата на лицата кои ја сочинуваат групата. Конкретно, ниту моментот на стекнување на правото на пензија, ниту моментот на стекнување со правото на наградата не зависат од индивидуалната волја на секое од лицата кое припаѓа во групата. Независно од тоа што не се работи за вродена каракактеристика на лицата или длабоко вкоренето верување/убедување, поради образложеното се констатира дека статусот на овие лица спаѓа во рамки на одредницата „и било која друга заштитна карактеристика" и ќе се смета за дискриминациска основа во овој случај.[9]

Воедно, предвид беше земено достоинството на групата подносители, како субстантивно начело на еднаквоста. Имено, во иста или споредлива ситуација индивидуите треба да бидат третирани еднакво. Оваа премиса не се задржува исклучиво на формалниот апект на еднаков третман, туку вклучува и еднаквост на резултатите, односно придобивките. Во таа смисла, конкретните одредби од Законот за културата не овозможуваат еднакви придобивки за носителите на наградите. На тој начин законот промовира нееднаквост, со тоа што за исти достигнувања различно ги вреднува културните чинители. Кога се вели вреднувани, не се мисли единствено на материјалната компонента на наградата, чиј одраз е паричниот надоместок, туку и вербалната, како вид на сатисфакција за придонесот што овие лица го дале во областа на културата. Оттука, одредбите на Законот за културата влијаат и деградирачки, односно задираат во достоинството на засегнатата група културни чинители.

[9] Carson and Others v. The United Kingdon, no. 42184/05, § 61 – 70, ECHR, 2008; Clift v. The United Kingdon, no. 7205/07, §59, § 63, ECHR, 2010; Engel and Others v. The Netherlands, no. 5100/71; 5101/71; 5102/71; 5354/71; 5370/72, § 72, ECHR, 1976


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**Индиректна дискриминација**

Од досега изнесеното произлегува дека одредбите од Законот за културата иако се навидум неутрални, ја ставаат групата подносители и останатите лица кои го имаат истиот статус во понеповолна положба, предизвикувајќи за нив несразмерно штетно влијание. Посочените одредби се навидум неутрални, бидејќи сè додека не се пресмета и спореди износот на месечните надоместоци, не може да се увиди ефектот што истите го предизвикуваат кон засегнатата група. Во недостаток на објективно и разумно оправдување за различниот третман помеѓу двете групи на носители на наградите и легитимна цел, произлегува дека законот произведува индиректна дискриминација. На тој начин ги става во нееднаква позиција двете групи културни чинители, во однос на уживање на додатокот на пензијата кој произлегува за носителите на наградите од областа на културата. Оттука, законот прави разлика и привидна поделба, единствено поради статусот (кога се стекнале со награда или кога се стекнале со правото на пензија) помеѓу двете опфатени групи кои инаку се наоѓаат во потполно иста состојба. Независно од таквиот статус, а имајќи предвид дека културата е афирмирана како темелна вредност на државата, стандардот на живот помеѓу добитниците на државните награди треба да се изедначи. Особено имајќи го предвид диспропорционалниот износ на паричен надоместок кој го добиваат како додаток на пензијата (од моментот на стекнување за време на целиот живот) и фактот дека разликата помеѓу додатоците во иднина сè повеќе ќе се зголемува. Таквото зголемување претставува несразмерна разлика што не може да се оправда и создава правна несигурност.

**Во таа смисла, согласно член 8, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се утврдува индиректна дискриминација:**

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни."*

Имајќи предвид дека измените на Законот за културата се донесени во 2018 година, оттогаш и сè уште ја произведуваат истата правна состојба, Комисијата утврди дека станува збор за **продолжена дискриминација**:

*"Продолжена дискриминација" е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи."*

**Согласно член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, продолжената дискриминација ќе се смета за потежок облик на дискриминација.**

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на Мислењето и утврди индиректна продолжена дискриминација врз основа на друг статус во областа културата, предизвикана со член 1 и член 9 на Законот за измени и дополнувања на Законот за културата (Сл. весник на РСМ бр. 11/18) од страна на Министерството за култура кон групата подносители на претставката.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

Имајќи предвид дека од 10.06.2024 година влезен е во сила Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на РСМ бр. 121/2024), особено член 18 и член 28, став 1, точка 5:

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за култура и туризам да предложи измени и дополнувања на Законот за културата до Владата на РСМ, со кои ќе се отстрани дискриминацијата која ја продуцира Законот за културата и ќе овозможи еднакви придобивки за сите носители на државни награди од областа на културата и уметноста, **во рок од 180 дена и за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**.

Доколку Министерството за култура и туризам не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно надлежностите предвидени со **член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

НАПОМЕНА: Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- Министерство за култура и туризам со седиште на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, 1000 Скопје
-